**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6009/**

# З А П И С Н И К

**Од 131-ва седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 31.12.2020 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,131-ва седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 130-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година, со дополнување и пренамена на средства.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 130-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 130-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 130-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **ги усвои** записникот од 130-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година, со дополнување и пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година.
Вики Димевска објасни дека од Министерството за информатичко општество и администрација до ЈРП МРТ е пристигнато Известување (со нивни архивски број 05-47886/2 од 28.12.2020 година) во кое Министерството ја известува ЈРП МРТ дека со Измените и дополнувањето на Буџетот на РСМ, (Сл.весник бр.262/20) и Одлуката за прераспределба на средства (Сл.весник 299/20) а повикувајќи се на член 105 став 7 од Законот за ААВМУ, на ЈРП МРТ ќе и бидат исплатени средства во износ од 90.000.000 денари за постигнување и одржување на поголем степен на програмски и техничко-технолошки развој.
Согласно ова Известување, се врши измена на Финансискиот план на МРТ за 2020 година со дополнување и пренамена на средства.
Имено, во делот на планирани приходи се воведува нова ставка со наслов - Приход од МИОА за програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ во износ од 90.000.000 денари со што за овие средства се зголемува вкупниот износ на планирани приходи за 2020 година и истиот сега изнесува 1.086.000.000 денари.
Исто така, измена на Финансискиот план за 2020 година се врши и во делот на планирани расходи.Имено,согласно член 77 од Колективниот договор на ЈРП МРТ во финансискиот план во групата Трошоци за вработените се воведува ставка со наслов - Регрес за годишен одмор во износ од 9.200.000 денари, а ставката со наслов - Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање се дополнува со 600.000 денари. Со ова дополнување вкупниот износ на групата Трошоци за вработените наместо претходните 433.960.000 денари сега изнесува 443.760.000 денари, а вкупно потребните средства во износ од 9.200.000 денари по овие два основи се обезбедуваат од делот за Програмски права и тоа од ставката Копродукциски проекти каде останувaат слободни финансиски средства поради фактот што речиси до крајот на 2020 година не беа склучени Договори за копродукциски проекти кои би го исполниле целиот планиран износот од 118.000.000 денари.
Со ова намалување во износ од 9.200.000 денари, планираниот износ кај ставката за Копродукциски проекти сега изнесува 108.200.000 денари.
Со оваа пренамена не се менува вкупно планираниот износ на расходи на Финансисиот план на ЈРП МРТ за 2020 година, односно истиот како и претходно изнесува 996.000.000 денари.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски посочи дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година, со дополнување и пренамена на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година, со дополнување и пренамена на средства беше ставен на гласање.

■**Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година, со дополнување и пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година, со дополнување и пренамена на средства **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред беше побарано од Менаџментот на МРТ да реагира по однос на невистините изразени во истражувањето на Центарот за за граѓански комуникации, посветено на транспарентноста на јавните претпријатија во Македонија,а во кое беше и наведена МРТ како јавно претпријатие како нетраснипарентно јавно претпријатие со тоа што необјавува кварталните финансиски извештаи.

Седницата заврши во 12:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател